**Означен стартот на електонската размена на деловни пораки – ЕДИ по GS1 стандарди во Република Македонија**

На 23.11.2012 во организација на GS1 Македонија, ИНФО-Биро Охрид и Panteon Group® Словенија се одржа Форум под наслов "***EDI – унапредување на деловните процеси по GS1 стандарди - Примери од пракса во македонското стопанство***" на кој беше одбележан стартот на електронската размена на деловни пораки - EDI (Electronic Data Interchange) во Република Македонија.




Во светот, а последниве години и кај нас е се повеќе присатен феноменот "***елекронско***" или само "***е***" односно ***електронската размена на податоци*** во сите свери од нашето општествено живеење. Затоа колку побрзо станеме свесни дека ЕДИ - електронската размена на податоци е иднина во деловното работење толку побрзо македонските компании ќе дојдат до успех и ќе станат поконкурентни.

ЕДИ како технологија е ефикасна бизнис алатка за автоматски, директен пренос на деловни пораки меѓу партнери со голема брзина и точност бидејки рачното внесување е комплетно елиминирано. ЕДИ исто така на компаниите им овозможува подобра контрола во залихите, набавките и испораките.

На Форумот под мото *Подигнете го Вашиот бизнис на сосема ново ниво* за првпат во Република Македонија беше презентирана новата генерација на бизнис решенија со користење на GS1 стандардот во системот на автоматско генерирање на нарачки кои го трасираат патот кон B2B комуникацијата преку електронската размена на деловни пораки – EDI (Electronic Data Interchange). Работата на форумот ја следеја претставници од 90 македонски бренд компании.

Форумот го отвори г-дин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, кој од самиот почеток ги поддржа Пилот проектите спроведени од страна GS1 Македонија бидејќи секогаш ги подржува технологиите кои го придвижуваат стопанството нанапред. Г-дин Азески потенцираше дека ЕДИ како алатка ќе ја зголеми конкурентноста на македонските компании како на домашниот така и странскиот пазар. Најдобар показател дека ЕДИ е ефикасна бизнис алатка покажува фактот што токму Пилот проектите се спроведени во три реномирани македонски компании Тинекс-МТ ДООЕЛ, Пекабеско АД и Виталиа ДОО кои во Републикава предњачат во воведувањето на нови технологии. Г-дин Азески изрази благодарност и до организаторите бидејќи сите вложија многу стручен ангажман, секој во својата област, за да се постигнат резултатите кои беа презентирани на Форумот и упати повик до останатите да се вклучат во ЕДИ и станат поконкутентни на пазарот.



Почесен гостин на Форумот беше Заменик министерот за информатичко општество и администрација на Република Македонија г-ѓа Марта Арсовска Томовска која имаше свое обраќање до присутните. Заменик министерот даде огромна подршка на Пилот проектите и истакна дека тие се вклопуваат комплетно со заложбите на Владата за подигнување на примената на информатичко комуникациските технологии во рамките на бизнис заедницата. Заменик министерот меѓу другото пред присатните вети дека Министерството за информатичко општество и администрација во иднина ќе застане и ќе ги поддржи идните проекти на GS1 Македонија врзани за ЕДИ и најави дека ќе следи дополнување на законот за ДДВ кој е веќе во драфт верзија а се однесува на важност на електронски документи.




На Форумот свои презентации имаа и организаторите и тоа во континуитет. Најнапред г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ даде краток осврт за развојниот пат на ЕДИ согласно GS1 стандардите и ги потенцираше бенефитите од неговата примена. Потоа од страна на самостојниот советник во GS1 Македонија, г-ѓа Билјана Рембоска беа презентирани идентификационите GS1 клучеви кои се основа на ЕДИ, по што беше прикажан краток филм за функционирањето на ЕДИ во пракса. Согласно GS1 стандардите г-дин Марко Митревски го презентираше софтверското решение на ИНФО Биро Охрид за автоматско генерирање на нарачки. Со средени матични податоци и спроведен интегриран информатички систем

компаниите се подготвени за влез во ЕДИ. Како функционира ЕДИ во пракса и кој се негови елементи присутните ги информира г-дин Божидар Бајсиќ од Panteon Group® Словенија низ својата презентација.



Особено голем интерес присутните покажаа за излагањата на претставниците на Тинекс-МТ ДООЕЛ, г-дин Бобан Насковски, за Пекабеско АД г-дин Владимир Каркински и за Виталиа ДОО г-дин Димитар Ветаџока кои своите досегашни активности врзани за имплементацијата на ЕДИ во нивните компании спроведена преку Пилот проектите ги елаборираа во оваа прилика.
Од воведувањето на ЕДИ по GS1 стандарди во Пилот проектот во кој се вклучени Тинекс-МТ ДООЕЛ и Пекабеско АД и двете компании очекуваат подобрување на своето работење во насока на поголема точност, прецизност, следење на производите по датум на употреба и лот, а сето тоа ќе придонесе кон намалување на трошоците. Битно е да се напомене дека комплетното софтверско решение кај Тинекс-МТ ДООЕЛ и Пекабеско АД е на ИНФО Биро од Охрид вклучувајки ја и изработката на интерфејсите за ЕДИ по инструкции на Panteon Group® Словенија. Г-дин Бобан искажа спремност од страна на Тинекс-МТ ДООЕЛ за приклучување кон ЕДИ и на останатите бренд македонски компании и упати јавен повик до аудиториумот.



Во вториот Пилот проект за ЕДИ носител е Виталиа ДОО. Едно од условите кои им биле наметнати за извоз од страна на Sligro, голем синџир маркети од Холандија, е да размената на документи (нарачка, испратница и фактура) се обавува по електронски пат. Г-дин Димитар Ветаџока упати јасна порака до присатните дека ЕДИ е еден од пасошите за да може македонски производ да се најде на светските пазари и ги повика сите да се осмелат и да го воведат ЕДИ во своето деловно работење со што ќе станат поконкурентни и попрофитабилни.

На крај во име на организаторите г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ упати повик до компаниите за нивно масовно вклучување во ЕДИ и заклучи:
“Со оглед дека сите тука собрани ја сочинувате бренд елитата на македонското стопанство, сите сте компании со визија за развој, затоа очекуваме Ваше скоро вклучување во ЕДИ. Со Ваша помош и со поддршката која ја добивме од г-дин Бранко Азески претседател на Стопанската комора на Македонија и од г-ѓа Марта Арсовска Томовска, Заменик министер за информатичко општество и администрација, Ве повикувам да сите заеднички го развиеме ЕДИ и да си го олесниме работењето и да придонесеме кон забрзан развој на информатичко комуникациските технологии во Република Македонија. Би завршила со мотото на Форумот***: Вклучете се во ЕДИ подигнете го Вашиот бизнис на едно ново ниво***. “